АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 08. 11. 2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 4119 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ Струга ДООЕЛ

3. **Датум на извршување на надзорот:** 7 ноември 2023 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој *„За обезбедување на телевизиско или радио емитување, покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата"*; и

   - **Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** (Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кој *„Imателот на дозволата за радио емитување е должен во редовен работен однос да има најмалку: ...2 (две) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со над 50.000 жители"* и *„Одговорниот уредник на програмскиот сервис треба да биде во редовен работен однос"*.

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека РАДИО РРАПИ Струга ДООЕЛ ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: На 27-ми октомври и 7-ми ноември 2023 година, радиодифузерот достави во Агенцијата документи од кои е видно дека во радиостаницата во редовен работен однос со полно работно време се вработени две лица кои учествуваат во создавањето на програмата и дека одговорниот уредник на програмскиот сервис е во редовен работен однос.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***